ОпштинскаУстанова
НАРОДЕН МУЗЕЈ Свети Николе

Municipal Institution
People's Museum Sveti Nikole

До

Совет на Општина Свети Николе

Република Северна Македонија
Општина Свети Николе
Општинска Установа - НАРОДЕН МУЗЕЈ
Свети Николе
Бр. 03-43/2
20.02 2025 год.
Свети Николе

Предмет: Доставување на Предлог Наративен и финансиски извештај за 2024 година

ОУ Народен Музеј Свети Николе ви доставува:

- Одлука за усвојување на Предлог Наративен и финансиски извештај за 2024 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе
- Предлог Наративен и финансиски извештај за 2024 година

20.02. 2025 година

Свети Николе

ОПШТИНСКА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ

Директор

Александар Нацев

ОпштинскаУстанова
НАРОДЕН МУЗЕЈ Свети Николе

Municipal Institution
People's Museum Sveti Nikole

Република Северна Македонија
Општина Свети Николе
Општинска Установа - НАРОДЕН МУЗЕЈ
Свети Николе
Бр. 02-39/3
19.02 2025 год.
Свети Николе

Врз основа на член 22 од Статутот на ОУ Народен Музеј Свети Николе, со број 01-72/5 од 27.06. 2023 година. Управниот одбор на музејот на седницата одржана на ден 19.02. 2025 година ја донесе следната:

Одлука

за усвојување на Предлог-Наративен и Финансиски Извештај за 2024 година

1. Се усвојува Предлог-Наративен и Финансиски Извештај за 2024 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе.
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето

Претседател на УО

Александар Петров

www.muzejsvnikole.mk narodnimuzejsvnikole@yahoo.com
Плоштад Илинден 18 2220 Свети Николе тел/факс +389 443 610 Ploshtad Ilinden 18 2220 Sveti Nikole tel/fax +389 443 610

Република Северна Македонија
Општина Свети Николе
Општинска Установа - НАРОДЕН МУЗЕЈ
Свети Николе
Бр. 0-43/1
20.02 2025 год.
Свети Николе

ПРЕДЛОГ ФИНАНСИСКИ И НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ



2024

О.У НАРОДЕН МУЗЕЈ
СВЕТИ НИКОЛЕ

СОДРЖИНА

01
ВОВЕД

02
ЗАШТИТНО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

03
ПРОЕКТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

04
СУВЕНИРНИЦА

05
ИЗЛОЖБИ

06
ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

07
ЗАКЛУЧОК

01 ВОВЕД

ПОВОЛНАТА ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ПРИРОДНИТЕ ОДЛИКИ ПРИДОНЕЛЕ ДА ГРАДОТ СВЕТИ НИКОЛЕ И ОВЧЕПОЛСКАТА КОТЛИНА ИМААТ ЗАБЕЛЕЖЛИВО МИНАТО НА ИСТОРИСКИ И ЕКОНОМСКИ ПЛАН. НА ОСНОВА НА СОЧУВАНАТА И ИСТРАЖЕНАТА МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА СО ПОТВРДЕНАТА СТАРОСТ, ПРЕТСТАВЕНА ПРЕКУ ЧЕТИРИ СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА, СО НАД ДВЕСТЕ АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ И СПЕЦИФИЧНИ ЕТНОГРАФСКИ ИСТОРИСКИ ОСОБЕНОСТИ, СО СИГУРНОСТ МОЖЕ ДА СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА ТЕРИТОРИЈАТА ШТО ЈА ЗАФАЌА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ПОВЕЌЕ ИЛИ ПОМАЛКУ БИЛА ПЕРМАНЕНТНО НАСЕЛЕНА УШТЕ ОД ПРЕДИСТОРИСКО ВРЕМЕ ПА СЕ ДО ДЕНЕС.

ВО КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, МУЗЕЈОТ ВО КОНТИНУИТЕТ РЕАЛИЗИРА ПОВЕЌЕГОДИШНИ ПРОЕКТИ, ОД ПОЛЕТО НА СИСТЕМАТСКИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА, ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ КАКО И ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ.

ОВИЕ ПРОГРАМИ СЕ ФИНАНСИРАНИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ, ОД ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, АВСТРИСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТОТ ЈОРК ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ ДОЗВОЛИ ОД УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО КАКО И СТРУЧНИ МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА И ДРУГИ ПРАВНИ АКТИ.

ВО ДЕЛОТ НА ПРОМОЦИЈАТА ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА Е ЕДНО ОД ПОЛИЊАТА ВО КОЕ ВРЗ ОСНОВ НА ВОСПОСТАВЕНАТА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ - ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА, МУЗЕЈОТ ЗЕДЕ УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТ ПРИСТАПНИ ВИРТУЕЛНИ МУЗЕЈСКИ ЗБИРКИ.

ДОДЕКА ПРЕКУ ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИЗЛОЖБИ И НАСТАНИ МУЗЕЈОТ ОВОЗМОЖУВА ЗАЧУВУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ И КУЛТУРНИ ДОСТИГНУВАЊА.

02 ЗАШТИТНО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

02-1 Систематски археолошки истражувања – Билазора с. Кнежје, Свети Николе

Систематските археолошки истражувања на археолошкиот локалитет Градиште, Славков Дол, с.Кнежје, раноантичка Билазора, како поголем проект започнуваат во 2008 година. Резултатите од овие истражувања ни овозможуваат, единствена можност и увид во материјалните докази на пајонската култура, која оставила значаен белег на овие простори.

02-2 Археолошки истражувања на неолитската населба Барутница, с. Амзабегово, Свети Николе

„Најраните земјоделски и урбани центри во Македонија: археолошки ископувања на неолитската населба Барутница кај село Амзабегово", раководен од д-р. Дарко Стојановски, денес е проект со меѓународна димензија, во соработка со Австриската академија на науки – Австриски археолошки институт. Добиените резултати, во соработка со стручни лица се потврдени во сертифицирани лабаратори и се презентираат на меѓународни конференции. Со ова неолитската култура од Барутница добива значајно место во науката која го обработува и дефинира неолитскиот период на глабално ниво.

02-3 Микроскопска и петрографска анализа на фрагменти од садова керамика во Универзитетот во Јорк - Обединето Кралство.

Во рамките на научниот проект, кој се реализира на неолитската населба Барутница кај Амзабегово а во соработка со Универзитетот во Јорк (Велика Британија), со лабораториски анализи на делови од керамички садови детално се проучи керамичката технологија во Неолитот и трагите од користење на керамичките садови.

02-4 Заштита на музејски материјал-археолошки предмети од локалитетот Билазора,Свети Николе – II фаза (заштита на керамички материјал).

Непосредната заштита од оваа фаза се однесува на предмети од керамика, а истата е извршена кабинетски и лабораториски во просториите на ОУ Народен Музеј Свети Николе.

02-1
СИСТЕМАТСКИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА – БИЛАЗОРА С. КНЕЖЈЕ, СВЕТИ НИКОЛЕ

ФИНАСИИ

Финансиските средства за ралиѕација на овој проект, се обезбедени од Министерството за култура - 304.000,00 денари, како и од буџетот на општина Свети Николе, во висина од 446.453,00 денари.

ВОВЕД

Годинашните истражувања беа концентрирани на доистражување на веќе отворените квадрати на два пункта, непосредно до владетелската палата. Првиот пункт беше непосредно на север од северниот ѕид на храмот (квадратите по линијата L и M број 18,19, и 20), додека другиот непосредно на исток од палатата долж надворешниот источен ѕид (квадратите по линијата P, Q и R број 33, 34, 35).



Квадрати L и M број 18,19, и 20



Квадрати по лин. на P, Q и R број 33, 34, 35

На овие простори истражувањата беа отпочнати уште во минатите години, при што беа истражени само најмладите слоеви, оние поврзани главно со егзистирањето на владетелската палата.

Во таа смисла, беа неистражени постарите слоеви во кои беа вкопани темелете на палатата и на храмот, така што беше непознат карактерот и улогата на тие простори во периодите пред подигањето на владетелскиот комплекс. Од тие причини со доистражувањето на овие два пункта се очекуваа одговори на повеќе важни прашања поврзани не само со процесот на изградбата на т.н. владетелски комплекс туку и со значењето и карактерот на целата акропола пред подигањето на Владетелскиот комплекс.

02-1.1
СИСТЕМАТСКИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
ПАЛАТА ИСТОК - НА КВАДРАТИ ПО ЛИНИЈАТА НА P, Q И R БРОЈ 33, 34, 35

Со истражувањата во рамки на кампањата 2024 година се откриј нови археолошки појави и наоди кои овозможија во целост да се реконструира тоа што се случувало на тој простор од 7 до 3 век пред Христа, а најповеќе да се откријат процесите, начинот и точното време на градењето на владетелската палата.

Врз рушевините од Владетелската палата, како последна фаза откриени се скромни архитектонски остатоци и бројни движни наоди кои сведочат за нова употреба на акрополата како касарнски простор. За крајот на употреба на палатата постојат и историски и бројни археолошки податоци дека настрадала насилно, во пожар со келтската наезда во 279 година пред Христа, после што не била повторно обновена, до стационирањето на војничка посада и градењето на касарнски објекти.




Доцно железнодобски хоризонт со станбена архитектура

Наспроти тоа во постарите слоеви на тој простор откриени се остатоци од неколку куќи од железното време, кои биле во употреба низ 6 и 5 век пред Христа.. Притоа, како инвентар во тие куќи откриени се низа наоди од куќна керамика, накит и алатки, израб. за секојдневна употреба од камен и железо.



Перла од стаклена паста

Сето тоа сведочи за населението кое пред подигањето на палатата живеело на акрополата и кое најверојатно ги граделе објектите од новата, владетелска содржина на акрополата.



Камена секира




Фрагменти од керамичен сад, импорт



Макара

02-1.2
СИСТЕМАТСКИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
ХРАМ - КВАДРАТИ L и M БРОЈ 18,19, и 20


Истражувањата на вториот пункт понудија уште поинтересни појави во археолошка смисла. Се истражуваше слојот во кој беа вкопани темелите од класичниот дорски храм, кој е органски дел од т.н. Владетелски комплекс, што бил во употреба од 5 до 3 век пред Христа. При тоа и на овој простор беа откриени остатоци од железното време, но не стамбени објекти туку простор што имал посебна намена во периодот на од 7 до 5 век пред Христа. За прв пат на едно археолошко наогалиште беа откриени непосредни остатоци од железнодопска металургија, поточно две печки за топење и претопување на бронза и простор на кој биле одлагани отпадоците и згурите од тоа топење. Таквите наоди ја откриja причината за забрзаниот економскиот подем на населбата и неговиот растеж во престолнина.



Простор за железнодобска металургија



печка



Фрагменти од процес на претопување на бронза




Фрагменти црна глазирана керамика

02-1.3
АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
СЕЛЕКЦИЈА НА ДЕПОНИРАН МАТЕРИЈАЛ ОД СИС. АРХ. ИСТР. 2022-2023

Паралелно со истражувањата на Билазора, со ангажирање на стручно лице конзерватор а со цел да се добијат дополнителни информации, на материјалот од систематските археолошки истражувања од 2022 и 2023 година - депониран во Контејнерот се изврши:

- Селекција по достапни метрики (запис кој ги содржи основни информации за предметите, назив, од кој сектор и квадрат потекнуваат)



Процес на сушење керамика со поставување на испраната керамика на сита



Документирање на предмети по квадрати



Процес на фотографирање, документирање на исчистена и осушена керамика

- Чистење, перење со вода(благодарност до ТППЕ - Свети Николе, кое ни обезбеди вода)
- Фотографирање и документирање.



Издвоени фрагменти - по материјал и употреба

- Издвојување на фрагменти и предмети со специфични детали, битни за процес на датација на квадратот и целината од која потекнуваат во процесот на систематските археолошки истражувања



Оформен сад - резултат од систематска анализа и селекција

Овој процес всушност претставува, соодветна систематска селекција и класификација на депонираниот археолошки движен материјал. Што ни овозможува поврзување и дефинирање на истражените целини преку, анализа, документирање, со краен резултат прецизна датација на културните слоеви, однос примарната и секундарната употреба на артефактите во различни временски периоди.

02-2.1 АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ГЕОМАГНЕТНО СКЕНИРАЊЕ И ПОЗИЦИОНИРАЊЕ

Финансиските средства за рализација на овој проект, се обезбедени од Министерството за култура - **147.186,00денари.**
Додека Австриската Академија на Науки, обезбеди најсовремена геодетска опрема, стручни лица и лабараторија за анализа, покривајќи ги **патните трошоци** на својот стручен тим со **финансиски средства** во висина од **36.000,00денари.**

Во рамките на меѓународните истражувања на локалитетот Барутница кај Амзабегово беа реализирани активности во две фази.

2.1 **Првата фаза** беше неинвазивна, се одвиваше на крајот на Февруари со стручни лица од Австрискиот археолошки институт (инженери и геоархеолог), и вклучуваше **геомагнетно скенирање и позиционирање** на референтни точки од локалитетот на Глобалниот Позиционен Систем.



Геомагнетно скенирање на Амзабегово

Со геомагнет беше покриена површина од околу 1 хектар, што ни овозможи увид во распространетоста на археолошките структури на неистражениот простор, што пак во иднина ќе придонесе кон по ефикасно и целенасочено теренско ископување.

Употребата на ваков вид технологија на неинвазивни методи, ни овозможува прецизно позиционирање односно мапирање на зачувани градбени елементи, нивниот начин на групирање и позиционирање во просторот. Во исто време бидејќи оваа метода е недеструктивна и истата може да се аплицира на поголеми подрачја.


02-2.2
СИСТЕМАТСКО АРХЕОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Втората фаза се одвиваше во текот на месец Јули и вклучи неколку различни пристапи:
2.2 **Археолошко ископување,**
2.3 **Подигање на примероци за микроморфолошки, седиментарни и ДНК анализи, и**
2.4 **Кабинетска документација.**



АН-2257
Зооморфна фигура

2.2 Археолошко ископување.



Теренските активности се одвиваа во рамките на сонда 1. Претходните години се работеше по квадрати, при што културните слоеви беа целосно истражени во квадратите 7 и 8.
Имајќи јасно сознание за стратиграфијата, годинава продолживме со ископување на останатиот дел од сондата без ограничување по квадрати



АН - 2259 Грне

02-2.3 ПОДИГАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ ЗА МИКРОМОРФОЛОШКИ, СЕДИМЕНТАРНИ И ДНК АНАЛИЗИ

Од истата сонда беа земени поголем број примероци од седимент за разни анализи. Микроморфолошките анализи се прават втора година по ред, и ни овозможуваат микроскопски увид во процесот на создавање на слоевите, а со тоа и на локалитетот, и ни даваат јасна слика на дискретни настани и појави кои тешко се откриваат при класичен метод на ископување. Годинава беа подигнати 9 примероци. Исто така беа земени 9 примероци седимент од избрани контексти за флотација.

На овој начин се здобиваме со макро и микроскопски ботанички материјал, кој пак е од големо значење за откривање на исхраната на неолитските луѓе, реконструкција на природната средина пред 8000 години, но и добивање на материјал соодветен за апсолутно датирање со помош на методот ^{14}C




Собирање на примероци за ДНК анализа

За прв пат годинава беа земени 15 примероци седимент за екстракција на ДНК. Најновата технологија овозможува екстракција на ДНК од седимент и увид во живиот свет, меѓу кои и човекот, присутен во населбата пред илјадници години. Доколку се екстрахира ДНК со задоволителен квалитет, можеме да кажеме многу работи за тие живи организми, иако немаме физички остатоци од нив. Сите анализи се во соработка со Австрискиот археолошки институт.



Изготвување на микроморфолошки пресеци

02-2.4 КАБИНЕТСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА



Стратиграфска мрежа

Освен теренски активности, се работеше и во депото и галерискиот простор во музејот, на материјалот откриен до сега во сите претходни истражувачки кампањи.

Пред се направивме базичен преглед и евидентирање на целокупниот студиски материјал, одделување на дијагностички материјал и негово евидентирање и фотодокументирање, како и подетална документација на керамиката во смисла на техничко цртање и документирање на форми на садови.

Одделени се вкупно 825 предмети кои припаѓаат на групата дијагностички материјали, групирани според стратиграфска единица, а класифицирани во пет главни категории: керамика, делкан камен, мазнет камен, коска и мали предмети.






Секој предмет добива индивидуален код за идентификација, кој се состои од кратенка од името на локалитетот, стратиграфската единица во која бил откриен и реден број на дијагностички предмет од таа единица (AMZ_XXX_XX).

02-3 МАКРОСКОПСКА И ПЕТРОГРАФСКА АНАЛИЗА НА ФРАГМЕНТИ ОД САДОВА КЕРАМИКА ВО УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЈОРК-ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО ПРОЕКТ TECUS

Во рамките на научниот проект кој се реализира на неолитската населба Барутница кај Амзабегово, во соработка со Универзитетот во Јорк (Велика Британија, договор бр.03-38/1, 23.02.2024 година) се реализираа лабораториски анализи на делови од керамички садови со цел детално проучување на керамичката технологија во Неолитот и трагите од користење на керамичките садови.

Во координација со раководителот Др. Дарко Стојановски, д-р Клер Бурк (специјалист за керамика од Универзитетот во Јорк), изврши прелиминарен увид во материјалот и одбра 34 репрезентативни примероци погодни за соодветната методологија за анализа на форми и технологија на изработка на керамиката (студиски материјал) од раниот неолит, кои потекнуваат од археолошките истражувања на локалитетот Барутница, с. Амзабегово, општина Свети Николе.

БАРУТНИЦА/АМЗАБЕГОВО КАТАЛОГ – ПРИМЕРОЦИ ОД КЕРАМИКА ЗА ТЕХНОЛОШКА АНАЛИЗА, ЈОРК (ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО)

3	119	163	Длабок сад со сликана декорација и дршка	
4	119	163	Длабок сад со врежана декорација	

Извадок од страна 2 од БАРУТНИЦА/АМЗАБЕГОВО КАТАЛОГ – ПРИМЕРОЦИ ОД КЕРАМИКА ЗА ТЕХНОЛОШКА АНАЛИЗА, ЈОРК (ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО)

02-3
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФОРМИ И ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА НЕОЛИТСКАТА КЕРАМИКА
ПРОЕКТ TECUS

Проектот TECUS, што значи Технологија и употреба на неолитската керамика од Северна Македонија, е интердисциплинарна истражувачка иницијатива. Целта е целосно да се истражат производството и употребата на ранонеолитската керамика (6200-5500 п.н.е.) од Северна Македонија. Проектот комбинира археолошки, експериментални и лабораториски методи за да се добијат комплетни сознанија за технолошките аспекти на керамиката и нејзината практична примена во секојдневниот живот.

Во овој процес преку користење на **Макроскопска** анализа се изврши визуелно испитување на артефакти со голо око и со помош на лупа, со акцент на големината, формата, бојата, текстурата и другите физички карактеристики на материјалот, дефинирајќи го видот на материјалот, начинот на изработка и производство на издвоените фрагменти од неолитска керамика.

Додека со **Петрографската** анализа, со употреба на микроскоп обезбедени се подетални информации за составот на керамиката и начинот на нејзината изработка.

Преку реконструирање на **chaîne opératoire** на Амзабеговската керамика, и вклучување на целосниот репертоар на стилови и типови на керамика присутни во збирката, беше можно да се видат заеднички избори во однос на суровините со конзистентна употреба на силикатни богати песочни суровини и органско темперирање, заедно со споделени техники на изградба со плочи на рака. Различните стилови на садови сугерираат на силна општа технолошка традиција користена за изработка на широк репертоар на садови.

Терминот **chaîne opératoire** е француска фраза која во превод значи "операционен редослед". Се користи во археологијата и антропологијата за да се опише чекор-по-чекор процесот вклучен во производството, користењето и отстранувањето на артефактите. Овој концепт им помага на истражувачите да ги разберат техниките, одлуките и културните практики на древните луѓе.

Податоците од Амзабегово покажуваат сличности со податоците од ранонеолитската керамика анализирана од други културни групи, укажувајќи на слични избори во изработката на керамика и знаење што ги надминува перцепираните културни граници.

Во овој проект музејот нема финансиски обврски.

Gateway to Research (GtR) - Explore publicly funded research
The Gateway to Research: UKRI portal onto publicly funded research

02-4
ПРОЕКТ ЗА: ЗАШТИТА НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ-АРХЕОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ БИЛАЗОРА „СВЕТИ НИКОЛЕ – II ФАЗА (ЗАШТИТА НА КЕРАМИЧКИ МАТЕРИЈАЛ)

ФИНАСИИ

Финансиските средства за рализација на овој проект, се обезбедени од Министерството за култура - 240.000 денари,


ВОВЕД

Предмет на работа е заштита на музејски археолошки материјал, кој потекнува од систематски археолошки истражувања во периодот од 2008 до 2018 година на локалитетот Билазора, хронолошки датирани од VII-V век до II пред н.е. Станува збор за керамички предмети за секојдневна употреба, типолошки разновидна садова керамика (Кантарос, Различни Чинии, Ихтија, Ехинуи, Скифос, Оинохое, Амфори, Хидрија, Кратер, Бокал, Капак, Луцерна, Сад за течност, Амфориск, Шолји, Чаши, Монистра, Трпезен сад, Стамнос).

Во 2024 година следи продолжение на истата постапка со предмети кои се избрани последователно на проектната програма и основниот проект и се дел од добиеното конзерваторско одобрение (УП. Бр. 09-557 од 24.07.2024г), издадено од Управа за заштита на културното наследство.

ФАЗА 1 - РЕСТАВРАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА

Вршење на реставрација како постапка и метод на автентично обновување на делумно уништениот материјал со додавање на делови што недостасуваат во форма и изглед што ги имале, врз основа на соодветни аналогии добиени од самиот предмет.





- Во овој процес се изврши изработка на калапи (со земање на отисоци) од постоечките делови и се пренесуваат на местото кое го изливаме.
- Се изврши изливање на делови кои недостасуваат со гипсена маса. Извршена е механичка обработка на дополнетите делови со стругање и шмирглање;

02-4
ПРОЕКТ ЗА: ЗАШТИТА НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ-АРХЕОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ БИЛАЗОРА „СВЕТИ НИКОЛЕ – II ФАЗА (ЗАШТИТА НА КЕРАМИЧКИ МАТЕРИЈАЛ)

ФАЗА 2 - ТОНИРАЊЕ, БОЕЊЕ И ЗАШТИТА

- Тонирање (обои, патинира, ретушира) на дополнетите делови со гипс на предметот. За изведување на овој процес е применета темперна техника во нијанса посветла од оргиналот. Тонирањето се изврши кога реставрацијата (делот кој е гипсиран) е добро исушен. Површините се нијансираа со бои коишто нема да отстапуваат од основниот тон на оригиналните површини.
- Завршен процесот на боење на гипсените делови, со извршена крајна заштита на површините, со целосно нанесување на еден слој на 2-5% раствор од , Paraloid B-72:во ацетон.

ХИДРИЈА - А/Р.А-975



ВО ФРАГМЕНТИ



РЕКОНСТРУКЦИЈА



ТОНИРАЊЕ, БОЕЊЕ ЗАШТИТА

КАНТАРОС А/Р.А- 962



ФРАГМЕНТ



РЕКОНСТРУКЦИЈА




ТОНИРАЊЕ, БОЕЊЕ ЗАШТИТА

03
ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
ПРОЕКТ ПРИСТАПНИ ВИРТУЕЛНИ МУЗЕЈСКИ ЗБИРКИ - ERASMUS KA220HED

Музејот врз основа на воспоставената соработка со Филозофскиот факултет - Скопје е вклучен во проектот **„Пристапни виртуелни музејски збирки (Accessible and visualized MUSEum collections-AMUSE)“ Erasmus KA220HED.**
Проектот е финансиран од страна на „Национална агенција за европски програми и мобилност а имплементиран од страна на Филозофски факултет - Скопје во Соработка со техничкиот универзитет во Прага, Чешка и FYG Consultores - Валенсија, Шпанија.
Нашата установа обезбеди непречен пристап до изложбените простории како и избор на движни добра, за фотограметриско и ласерско снимање. Крајниот резултат е изготвување на виртуелна тура на музејската поставка како и изработка на тродимензионална дата база од снимениот материјал.









Резултатите од овој проект ќе бидат објавени на вебстрана со превод на повеќе европски јазици, заедно со портфолиото и предметите на секоја установа посебно.



Виртуелните 3Д тродимензионални модели ќе можат да се користат понатаму за изработка на сувенири (комерц. копии печатени на 3D Принтер.



Но овде најбитен момент е што резултатот ќе биде видлив не само за споменатите Универзитети, туку и за поширокиот аудиториум.

Во овој проект музејот нема финансиски обврски.

04 СУВЕНИРНИЦА

Сувенирницата е проект финансиски поддржан од буџетот на општина Свети николе. Со неговата имплементација музејот стана една од малкуте музејски установи кои имаат функционална сувенирница.

Ова го покажа и пописот на сувенирницата во кој се констатираа следните резултати:

- Од продажба на влезници и комерцијални копии од сувенирницата собрани се средства во висина од 44.420,00 денари, од кои 13.080,00 денари од продажба на влезници и 31.340,00 денари од продажба на комерцијални копии
- Вкупно продадени комерцијални копии 108 броја
- Рекламирани - комерциијални копии 4 броја
- прилог **табела 1 Комерцијални копии - сувенири и**
- прилог **табела 2 Влезници.**

Број на посетители 342 е пресметан врз основа на продадените влезници во суверницата, со издавање на фискална сметка.

Во оваа бројка на посетители не е земен во предвид бројот на посетители - лица со посебни потреби, социјално ранливи категории и посетители до 7 годишна возраст (детски градинки, први одделенија), кои се ослободени од плаќање на влезница (70). Исто така тука влегува и слободен влез за сите посетители, секој прв четврток во месецот, како и посетителите на изложби (270), организирани од музејот.

Влезниците со секоја нова година добиваат почетен број 0001 и со година, пример за 2025 - 2025 год.

Така да вкупниот број на посетители на годишно ниво изнесува приближно 700.





Додека за - комерцијални копии, се изработени и испечат. сертификати на англиски и македонски јазик. При продажба се издава фискална сметка и сертификат за купувачот.

Исто така напоменуваме за продажбата на сувенири се реализира и со издавање на фактури

04-1 СУВЕНИРНИЦА ТАБЕЛИ

табела 1 подготовка, изработка и продажба на сувенири за 2024 година

Ред бр.	Музејски предмети употребени за изработка на Комерцијални Копии **Назив и Инвентар број**	Број на **изработени калапи** од музески предмети	Број на **изработени модели** на Ком. Копии од музе. предмети	Број на **изработени Комерцијални Копии** од музејски предмети	Број на продадени Ком.Копии од музејски предмети	**Единечна цена** во мкд	**Вкупно** во мкд	Вкупен бр. на **непродадени** Ком. Коп. од музејски предмети	**Реклам ација на К.К.**
1.	А/Ж – 847 Сребрена нараквица	1	1	6	0	800,00 ден.	0	6	
2.	А/Р.А – 1024 Плитка чинија	1	1	9	0	1.600,00 ден.	0	9	
3.	А/НУ – 1307 Александар III Македонски (336 – 323 п.н.е)	1	1	129	46	160,00 ден.	7.360,00 ден.	81	2
4.	А/Р.А – 1299 Привrзок – гема	1	1	56	15	120,00 ден.	1.800,00 ден.	39	2
5.	А/НУ – 1308 Авдолеон (315–285/4 п. н. е)	1	1	65	26	160,00 ден.	4.160,00 ден.	39	
6.	А/Р.А- 880 Зооморфна фигурина	1	1	29	7	360,00 ден.	2.520,00 ден.	22	
7.	А/Р.А – 1028 Скифос	1	1	5	3	1 x 2.400,00 2 x 3.600,00 ден.	9.600,00 ден.	2	
8.	А/Ж – 848 Бронзен бокал	1	1	31	9	500,00 ден.	4.500,00 ден.	22	
9.	А/Р.А – 887 Железно копје	1	1	12	2	700.00 ден.	1.400,00 ден.	10	
ВКУПНО		**9**	**9**	**342**	**108**		**31.340,00 ден.**	**230**	**4**

Напомена: За процесот на изработка на:

- 9 бр.на МОДЕЛИ (сите се со различна димензија од оргиналот-согласно закон)
- 9 бр. на КАЛАПИ(употребата на калап временски не е ограничена, запира по оштетување)
- 342 броја на КОМЕРЦИЈАЛНИ КОПИИ

Во 2024 година се исплатени 22.222,00 ден. на стручно лице врз основ на договор. за изработка на МОДЕЛИ, КАЛАПИ и КОМЕРЦИЈАЛНИ КОПИИ

табела 2 подготовка и продажба на влезници за 2024 година

Ред бр.	Влезници - ВИД	Вредност во мкд	Број на испечатени	Број на продадени	Вкупно во мкд	Вкупен број на непродадени влезници
1.	Домашни посетители - ГРУПА	30 ден.	599	261	7.830,00 ден.	338
2.	Домашни посетители	50 ден.	149	69	3.450,00 ден.	80
3.	Посетители од странство- ГРУПА	100 ден	102	0	0	102
4.	Посетители од странство	150 ден.	102	12	1.800,00 ден.	90
ВКУПНО			**952**	**342**	**13.080,00 ден.**	**610**

Вкупен збир на финансиски средства од: Табела 1–31.340,00 и Табела 2–13.080,00 е: 44.420,00 денари

05 ИЗЛОЖБИ

1. ИЗЛОЖБА „ОВЧЕПОЛСКИ МОТИВИ" 20.03.2024

ВО КОЈА СЕ ПРЕТСТАВЕНИ ДЕЛА ОД 55 ГОДИШНОТО ТВОРЕШТВО НА АВТОРОТ ПЕТРЕ КОЛЕВ.





2. ИЗЛОЖБАТА „ЈАПОНСКИОТ ЛЕБДЕЧКИ СВЕТ-УКИЈО-Е" 21.05.2024

По повод 30 години од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Македонија и Јапонија во галерискиот простор се презентираше Патувачката изложба.





Учество земаа и учениците од ликовната секција од Ооу Свети Кирил и Методиј под менторство на наставничката Маја Ефтимова Стојанова. На ликовната работилница твореа по инспирација од 28 копии - принтови од цртежи на јапонските дрворези.





05 ИЗЛОЖБИ

3. ИЗЛОЖБА НА АВТОРОТ - ФИЛИП ФИДАНОВСКИ

"МОДЕРНА ТРАДИЦИЈА" 04.10. 2024 ГОДИНА

Претставува спој на традиционалната грнчарија, која е автентична за македонската традиција, и нејзиното трансформирање во модерен визуелен стил со авторски пристап на уметникот.








Со оваа изложба, се насочува внимание кон зачувувањето на традиционалниот грнчарски занает, кој е во ризик од исчезнување, и ја илустрира умешноста на авторот преку неговото сликарство во керамиката, кое се смета за една посебна и уникатна дисциплина во керамичката уметност

4. ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА АВТОРКАТА - АНА МИТЕВСКА

„ПРИКАЗНИТЕ ВО ТИРКИЗ- ИЗВОР НА ЖИВОТОТ" 16.10.2024 ГОДИНА



Ликовните приказни се дел од неколку тематски циклуси, поврзани во колористички структурални композиции, кои градираат во мелодичен ритам на тиркизната боја создавајќи ги ликовните елементи во ликовниот простор.



05-1 ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА БИЛАЗОРА 2024

Секоја композиција од циклусот стилски се влева во наредната, а секој циклус продолжува во наредниот градејќи ја целата поставка на делата низ која што таа ја преобразува аморфната ликовна форма во различни структурни површини исто како и преобразбата на структурата во природата на каменот Тиркиз, од камен во кристал.



Изложбата се реализира во рамките на проектот ,,Музеум Линк" и ,, Архифакт"

5. ИЗЛОЖБА ОД „ЛИКОВНАТА РАБОТИЛНИЦА БИЛАЗОРА 2024"

Уметнички дела од друштвото на ликовни уметници ,,Овчеполски спектар " Свети Николе, оставуваат во трајна сопственост на музејот- Употребени 8.200,00 денари.









06 ПРИЛОГ ТАБЕЛИ ЗА ТЕКОВНИ И МУЗЕЈСКИ РАСХОДИ

ТЕКОВНИ РАСХОДИ ЗА ПОДМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИ					
1	Edusoft – програма за пресметка на плати	конто 424-420	Сметка 903	к3	14.160,00 денари
2	Музејска евиденција - датабаза за зачувување на податоци за музејски предмет на СЕРВЕР.	конто 424-420	Сметка 903	к3	18.600,00 денари
3	Хостирање за три веб страни, плаќање на домејни, набавка на ит опрема.	конто 424-420	Сметка 903	к3	14.622,00 денари
4	ПП апарати – одржување на друга опрема	конто 424-440	Сметка 903	к3	7.434,00 денари
5	Дезинфекција и дератизација	конто 424-230	Сметка 903	к3	4.200,00денари
6	Завршни сметки – централен регистар	конто 425 - 290	Сметка 903	к3	6.144,00 денари
7	Други договорни услуги:Човечки ресурси, Јавни набавки,Оддржување на информ.опрема, управен одбор за 5 седници (дневници) и др. договор.услуги.	конто 425 - 990	Сметка 903	к3	73.106,00 денари
8	Книговодство	конто 425-970	Сметка 903	к3	36.000,00 денари
9	Осигурување на зграда	конто 425-250	Сметка 903	к3	11.742,00 денари
10	Електрична енергија	конто 421-110	Сметка 903	к3	100.666,00 денари
11	Вода, ѓубрарина и сл.	конто 421-120	Сметка 903	к3	28.951,00 денари
12	Пошта	конто 421-310	Сметка 903	к3	6.030,00 денари
13	Интернет и телефон (статичен)	конто 421-320	Сметка 903	к3	16.846,00 денари
					ВКУПНО: 338.501,00 денари

ТЕКОВНИ РАСХОДИ МУЗЕЈСКИ АКТИВНОСТИ					
1	Купување на канцелариска опрема- штафелаи	конто 483-110	Сметка 903	к3	20.850,00 денари
2	Репрезентација	конто 426-210	Сметка 903	к3	7.380,00 денари
3	Печатење на две Книги: каталог монети 40 бр. и Билазора 50 броја	конто 425-920	Сметка 903	к3	46.200,00 денари
4	Копирање и печатење	конто 425-920	Сметка 903	к3	8.504,00 денари
5	Зипери за галерија -друга опрема	конто 480-190	Сметка 903	к3	8.673,00 денари
6	Кулер	конто 480-140	Сметка 903	к3	1.859,00 денари
7	Семинари	конто 426-310	Сметка 903	к3	9.000,00 денари
8	Патување во земјата	конто 420-130	Сметка 903	к3	9.880,00 денари
9	Гориво	конто 421-410	Сметка 903	к3	18.334,00 денари
10	Канцелариски материјал	конто 423-110	Сметка 903	к3	16.400,00 денари
11	Прехрам. производ. за орг. на настан. и излож.вода и сл.	конто 423-410	Сметка 903	к3	18.100,00 денари
12	Хигиенски средства	конто 423-710	Сметка 903	к3	8.900,00 денари
13	Ситен инвентар	конто 423-810	Сметка 903	к3	4.495,00 денари
14	Белење, лед осветлување, одрж. на зграда. (надвореш. и внатреш.)	конто 423-990	Сметка 903	к3	33.391,00 денари
15	ТВ – Свет	конто 426-410	Сметка 903	к3	16.000,00 денари
					ВКУПНО: 227.966,00 ДЕНАРИ

Презентираните расходи за подмирување на тековни обврски и музејски активности се однесуваат за цела 2024 година. Подетален увид во завршните сметки.

07 ЗАКЛУЧОК

За изминатата година може да се каже дека нашата установа реализираше истражувачки и заштитни проекти во соработка со меѓународни, домашни универзитети и државни установи.
Добиените резултати како и емпириски податоци од референтни лабаратории се презентираа на симпозиуми во и надвор од нашата држава - давјаќи акцент на македонското културно наследство како неодвоив дел од светското културно добро.

Напоредно музејот, продолжи со поддршка и презентација на уметничките достигнувања на различни автори и култури од и надвор од нашата држава, со организирање на настани, во установата и на археолошкиот локалитет Билазора.

Општинска Установа Народен Музеј Свети Николе
Директор

Александар Нацев